ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ВТОР ОДДЕЛ
# ОДЛУКА

Апликација бр. 43315/22
Фитим МУСЛИУ
против Северна Македонија
(видете ја приложената табела)

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи на 5 февруари 2026 година како Комитет составен од:

Стефан Писани*, Претседател*,
Јуха Лавапуро,
Хју Мерсер*, судии*,

и Викторија Марадудина, вршител на должноста *Заменик регистратор на одделот,*

Имајќи ја предвид горенаведената апликација поднесена на 30 август 2022 година,

Имајќи ја предвид декларација поднесена од Владата со која од Судот се бара да ја симне апликацијата од списокот на предмети,

По расправата, одлучи како што следува:

## ФАКТИ И ПОСТАПКА

Податоците за апликантот се наведени во приложената табела.

Апликантот беше застапуван од г. Д. Ѓорчевски, адвокат кој работи во Скопје.

Апликацијата се однесува на наводи дека апликантот бил физички нападнат и претепан пред затворската менза од страна на затворски чувар на 3 август 2020 година, додека ја издржувал затворската казна. Пред Судот, апликантот се жалеше на повреда на член 3 од Конвенцијата дека затворскиот чувар го малтретирал и дека домашните органи не спровеле ефикасна истрага за тие наводи.

Овие жалбени наводи беа доставена и до Владата на Северна Македонија („Владата“).

## ПРАВО

По неуспешните обиди да се дојде до спогодбено решение, со писмо од 23 јуни 2025 година, Владата го информираше Судот дека предлага да даде еднострана декларација со цел да се решавање на прашањето покренато со апликацијата. Понатаму, побара од Судот да ја симне апликацијата од листата на активни предети во согласност со член 37 од Конвенцијата.

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Во декларацијата поднесена до Судот, Владата признава дека имало повреда на правата на апликантот загарантирани со одредбите од Конвенцијата на кои се повикува апликантот. Понуди да му исплати на апликантот сума од 11.295 евра (ЕУР) со цел да се покрие целата нематеријална штета, плус секој данок што може да се наплати на споменатиот износ, и го повика Судот да ја симне апликацијата од списокот на предмети во согласност со член 37 § 1 (в) од Конвенцијата. Сумата би била конвертирана во валутата на тужената држава по курсот што се применува на датумот на плаќањето и би била исплатена во рок од три месеци од датумот на известување за одлуката на Судот. Во случај на неплаќање на оваа сума во гореспоменатиот тримесечен период, Владата се обврза да плати проста камата на истата, од истекот на тој период до исплатата, по стапка еднаква на маргиналната каматна стапка за позајмување на Европската централна банка за време на периодот на неплаќање плус три процентни поени.

Исплатата ќе претставува конечно решение на случајот.

На апликантот му биле испратени условите на едностраната декларација на Владата.

Со писмо од 11 јули 2025 година, апликантот посочи дека не е задоволен од условите на едностраната декларација. Поточно, апликантот тврди дека, иако Владата признала повреда на неговите права, не ги прецизирала мерките кои се предвидени за да се осигури усогласеност со Конвенцијата, да се отстрани утврдената повреда и да се решат структурните проблеми во врска со малтретирањето, како и да се спроведат потребните реформи.

Судот забележува дека член 37 став 1 (в) дава можност да се избрише предмет од неговиот список на предмети доколку:

> „... од која било друга причина утврдена од Судот, повеќе не е оправдано да се продолжи со испитувањето на апликацијата“.

Според тоа, Судот може да брише апликации согласно член 37 став 1 (в) врз основа на еднострана декларација од тужена Влада, дури и ако апликантот бара испитувањето на предметот да продолжи (видете, особено, пресудата во предметот *Тахсин Аџар против Турција* (прелиминарни приговори) [GC], бр. 26307/95, §§ 75-77, ЕКЧП 2003-VI).

Судот во голем број случаи, вклучително и оние поднесени против Северна Македонија, ја утврди својата пракса пракса во врска со наводите поврзани со малтретирање според член 3 од Конвенцијата (видете, на пример, *Ел-Масри против Поранешната југословенска Република Македонија* [GC], бр. 39630/09, §§ 182-85, ЕКЧП 2012; *Мокану и други против Романија* [GC], бр. 10865/09 и 2 други, §§ 314-26, ЕКЧП 2014 (извадоци); *Бујид против Белгија* [GC], бр. 23380/09, §§ 81-90 и §§ 114-23, ЕСЧП 2015; *Китановски против Поранешната југословенска Република Македонија*, бр. 15191/12, §§ 76-77 и §§ 83-86, 22 јануари 2015 година и *X и Y против Северна Македонија*, бр. 173/17, § 50 и § 56, 5 ноември 2020 година).

Земајќи ги предвид признанијата содржани во декларацијата на Владата, како и предложениот износ на надоместот – кој е во согласност со сумите кои се доделени во слични случаи – Судот смета дека повеќе не е оправдано да се продолжи со испитување на апликацијата (член 37 став 1 (в)).

Понатаму, во врска со горенаведеното, а особено со оглед на јасната и обемна судска пракса на оваа тема, Судот е убеден дека почитувањето на човековите права како што е дефинирано во Конвенцијата и нејзините протоколи не бара од него да продолжи со испитување на апликацијата (член 37 § 1 *in fine*). Во врска со ова, Судот, исто така, истакнува дека одлуката не е во спротивност со обврската на Владата да спроведе истрага во согласност со барањата на Конвенцијата, со оглед на нејзиното признавање на повредата на правата на апликантот кои се заштитени со член 3 од Конвенцијата (видете *Жарковиќ и други против Хрватска* (одлука), бр. 75187/12, § 22-23, 9 јуни 2015 година, и *Халил против Азербејџан* (одлука), бр. 60659/08 и 2 други апликации, § 91, 6 октомври 2015 година).

Конечно, Судот нагласува дека, доколку Владата не ги почитува условите од нејзината еднострана декларација, апликацијата може да се врати на списокот на предмети во согласност со член 37 став 2 од Конвенцијата (видете *Јосиповиќ против Србија* (одлука), бр. 18369/07, 4 март 2008 година).

Со оглед на горенаведеното, соодветно е предметот да се избрише од списокот.

Од овие причини, Судот, едногласно,

*Ги зема предвид* условите на декларацијата на тужената Влада и мерките за гарантирање усогласеност со обврските наведени во неа;

*Одлучува* да ја избрише апликација од неговиот список на предмети во согласност со член 37 став 1 (в) од Конвенцијата.

Изготвено на англиски јазик и доставено во писмена форма на 26 февруари 2026 година.

| | |
|---|---|
| Викторија Марадудина | Стефан Писани |
| Вршител на должноста заменик-регистратор | Претседател |

# ДОДАТОК

## Апликација со истакнати жалбени наводи согласно член 3 од Конвенцијата

| Број на апликација<br>Датум на внесување | Име на апликант<br>Година на раѓање | Име и локација на правен застапник | Датум на прием на декларацијата од Владата | Датум на прием на коментарите од апликантот, доколку има | Доделена сума за нематеријална штета, како и трошоци и издатоци во полза на апликантот (во евра) [1] |
|---|---|---|---|---|---|
| 43315/22<br>30/08/2022 | **Фитим МУСЛИУ**<br>1990 година | Диме Ѓорчевски<br>Скопје | 23/06/2025 | 11/07/2025 | 11.295 |

[1] Плус било каков данок што може да му се наплати на апликантот.